Друштво за производство консалтинг инженеринг и услуги ДООЕЛ увоз-извоз
АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ
Бр. 8-0308
12.04 20 18 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за логистика
Бр. 18/3-178/19
11-04-2018 20 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА

склучен во Скопје 2018 година, помеѓу

**ДОГОВОРЕН ОРГАН:**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
ул.„Орце Николов"бр.116, Скопје, тел. 02/328-35-93, факс02/328-30-25, претставувано по овластување на министерот за одбрана со Решение бр. 02-3/6 од 15.02.2018 година, од раководителот на Сектор за логистика Бранкица Гацова
(во понатамошниот текст: корисник)

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА: Друштво за производство, консалтинг, инженеринг и услуги АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** ул.Вера Јоциќ бр.10-1/3, Скопје, тел. 071/327-255, факс 02/2771-955, с-ка 240100001992986 депонент во Уни банка Скопје, ЕДБ 4058009503458, ЕМБ 6544371,
претставувано од управителот Венко Багашовски
(во понатамошниот текст: носител)

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на корисникот и носителот за Поправка на Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA (Дел II), по Оглас за барање за прибирање на понуди бр. 18/3-178/7 од 14.03.2018 година, по Спецификацијата во прилог бр. 1 на овој Договор, кои носителот на набавката се обврзува да ги извршува, а корисникот на услугата да ги плати во согласност со одредбите од овој Договор.

Спецификацијата во прилог бр. 1, со корегирани цени согласно постигнатите цени на електронската аукција е составен дел на овој Договор и содржи: реден број - дел од постапката, назив на стоките со резервни делови и услуга, ед. мерка, количина, цена на норма час во денари без ДДВ, број на норма часови, цена на работна рака во денари без ДДВ, цена на резервен дел во денари без ДДВ, вкупна цена во денари за извршување на услугата со вклучен резервен дел без ДДВ, ДДВ во проценти и вкупна цена во денари за извршување на услугата со вклучен резервен дел со ДДВ и е потпишана и оверена од двете договорни страни.

Составен дел на овој договор се: техничката спецификација за Дел II за Поправка на Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA од тендерската

документација по Оглас бр. 18/3-178/7 од 14.03.2018 година и оригинална техничка и финансиската понуда на Друштво за производство, консалтинг, инженеринг и услуги АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

**ЦЕНА**

**Член 2**

Поединечните цени за поправка на Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA од член 1 на овој Договор се дадени во Прилог бр.1, во корегиран ценовник со процентуално намалени цени согласно постигнатата цена на електронската аукција, кој е составен дел на овој договор. Вкупната вредност на поправката на Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA од член 1 на Договорот изнесува **137.760,00 денари** без ДДВ, односно **162.557,00 денари** со ДДВ, франко краен корисник на договорниот орган Воено медицински центар, Скопје.

Цената е прикажана без ДДВ и со ДДВ, во денари. Носителот на набавка е должен согласно Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11 и 155/12), данокот на додадена вредност посебно да го пресмета и искаже во доставената фактура, а паѓа на товар на договорниот орган.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Овој довор е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на склучувањето.

ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 4**

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од реномирана банка наплатлива на прв повик.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5% од вкупната вредност на стоките наведени во член 2 став 1 на овој договор, со износ не помал од 8.130,00 денари, издадена од реномирана банка избрана од носителот на набавката, најдоцна 15 (петнаесет) дена од склучување на договорот.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- доколку носителот на набавката не го почитува договорениот рок за Извршување на услугите утврден во член 5 од овој Договор.
- во случај на раскинување на договорот по вина на носителот на набавката.

Гаранцијата за извршување на договорот во услови на навремено и квалитетно извршување на договорот, му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на договорот.

Доколку носителот на набавката не ја достави банкарската гаранција во висина и во рок утврдени во став 2 од овој член, договорниот орган на Електронскиот систем за јавни набавки ќе објави негативна референца за носителот на набавката и има право еднострано да го раскине договорот.

Банкарската гаранција е со важност од 1 година и 14 дена од денот на склучување на овој договор.

## РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

### Член 5

Носителот на набавката се обврзува услугите од член 1 од овој Договор да ги извршува во објектите на АРМ или во просториите на носителот на набавката, согласно потребите на крајните корисници, според доставено писмено одобрение од страна на ВП 2803/40 Скопје, а за што се изготвува работен налог.

Временскиот период за поправка да не е подолг од 10 дена од преземање на стоките за поправка. За продолжување на рокот на извршување на поправките задолжително да се бара одобрение, со образложение за причините.

Носителот на набавката се обврзува при сервисирање, одржувањето и поправка на наведените стоки да вградува резервни делови и потрошен материјал во согласност со препораките на производителите.

Носителот на набавката се обврзува сите заменети резервни делови уредно да ги предаде на крајниот корисник, по документ (записник), потпишан од претставници на двете договорни страни.

## ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 6

Во случај на доцнење на испораката на средствата или неизвршување на испораката на средствата предмет на овој договор, од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

Член 7

При изготвувањето на фактурата носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број, број и датум на договорот;
- количини со опис на стоките;
- единечни договорни цени за секој вид на стоките;
- вкупна цена на стоките;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата на фактурата и
- валута на плаќање

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Плаќањето на стоките и услугите од член 1 на овој договор го врши договорниот орган, по фактура во рок не пократок од 30 дена по прием на фактура и записник за квалитативен и квантитативен прием на извршените услуги од член 1 на овој Договор, потпишан од претставници на крајниот корисник и носителот на набавката.

Носителот на набавката се обврзува да достави фактура, по секоја извршена услуга и квалитативен и квантитативен прием на услугите од член 1 на овој Договор, до крајните корисници, а обработка и доставување на документи за исплата врши ВП 2990, Скопје, со цело име и презиме од лицето кое врши испорака и лицето кое врши прием на услугата.

Носителот на набавката се обврзува во фактурите да наведе број и датум на одобрувањето по кое е извршена услугата видот на средството поединечните и вкупни цени на извршените услуги и на вградените резервните делови и потрошниот материјал.

Носителот на набавката е должен во прилог на фактурата да достави записник за квалитативен прием на средствата.

ДДО настанува со денот на квалитативниот прием на средствата, од страна на претставници на крајниот корисник, со записник за квалитативен прием потпишан и оверен од двете договорни страни.

Доколку корисникот воочи грешка во поглед на пресметаната цена или други елементи во фактурата, има право на корекција во исплатната докментација без претходна согласност за што писмено го известува носителот на набавката.

## КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ, ГАРАНЦИЈА И РЕКЛАМАЦИЈА

### Член 9

Носителот на набавката се обврзува наведените услуги во член 1 на овој Договор да ги извршува согласно упатствата и пропишаната технологија од производителите на стоките, со висококвалификувани стручни кадри – сервисери.

Носителот на набавката се обврзува да располага со техничко технолошка документација за извршување на услугите.

Носителот на набавката одговара за квалитетот на извршените услуги наведени во член 1 на овој Договор и должен да има воспоставено и документирано сопствени процедури за контрола на квалитетот во процесот на сервисирање, одржување и поправка на стоките.

Целокупниот процес на поправка и предавање на стоките да е поткрепен со соодветни административни и технички процедури. Од документацијата јасно да се гледа кој и кога ги предал стоките на поправка, превземени активности за поправка, спецификација на вградени резервни делови и нивното потекло, употреба- пробна работа на стоките, известување на корисникот за завршените поправки и предавање на стоките на корисникот. Документацијата временски да се чува во согласност со прописите за архивско и канцелариско работење.

Контрола на квалитетот на услугите на стоките во текот на нивното извршување и квантитативен прием, вршат претставници на крајните корисници – комисија од ВП 2990/60 Скопје, со записник потпишан од двете договорни страни.

Забелешките на крајните корисници на начинот на извршување на услугите, во поглед на законитоста на работењето од аспект на договорените обврски и квалитет на извршените услуги, носителот на набавката е должен во согласност со прописите, да ги усвои и да се придржува на истите.

Носителот на набавката дава гаранција за извршените услуги најмалку 6 (шест) месеци согласно условите и гарантниот период на производителите на стоките, а сог-

ласно упатствата за ракување и одржување на производителите, што се утврдува во работниот налог.

Рекламации на квалитетот на извршените услуги, крајниот корисник доставува до носителот на набавката, во времетраењето на гарантниот рок, во писмена форма.

Носителот на набавката е должен да ги разгледа сите примени рекламации и доколку се оправдани, истите да ги отстрани на свој трошок, а доколку не се оправдани, да ги отстрани на товар на корисникот, со писмено одобрување од страна на крајниот корисник. Оправданоста на рекламациите носителот на набавката ги решава заедно со претставници на крајниот корисник.

Корисникот има право да врши контрола во сервисите на носителот на набавката заради стекнување увид во извршувањето на договорените обврски.

За комплетирањето на досието на постапката за набавка на стоките и услугите кои се предмет на овој договор, потребно е веднаш по извршениот квалитативен/-квантитативен прием, до Секторот за логистика – Одделение за менаџмент и набавки да се достави фотокопија од документацијата за извршениот квалитативен/квантитативен прием (записник потпишан од претставници од двете страни).

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Во случај на задоцнување во извршување на наведените услуги од член 1 од овој Договор, во рокот одреден во член 4, став 3 на овој Договор, носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 2 промила дневно, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на подоцна извршената услуга.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување, ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Доколку носителот на набавката во текот на извршувањето на услугите на стоките од член 1 на овој Договор, предизвика штета, одговара за надомест на штета поради несовесното постапување со средствата при вршење на услугите.

Носителот на набавката е ослободен од обврската за плаќање на пенали ако задоцну-вањето е последица на виша сила (елементарни непогоди од поголем размер) и меѓународни санкции и блокади. Во овој случај носителот на набавката е должен без одлагање, а најдоцна во рок од 8 дена по дознавањето за тоа да го извести договорниот орган по писмен пат, а потоа договорно ќе се утврди нов рок на извршување на услугите.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност на двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи.

Договорот може да се раскине и еднострано доколку една од договорните страни не ги извршува обврските утврдени со овој договор. За намерата за раскинувањето на овој договор, страната се обврзува писмено да ја опомене другата договорна страна. Договорот ќе се смета за раскинат по истекот на 15 дена од денот на приемот на писмената опомена.

**Член 12**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 13**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс кон договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 15**

Ако нешто не е изрично одредено со овој договор, за двете договорни страни важат одредбите од Законот за облигационите односи.

Во случај на спор, кој не може да се реши со договарање помеѓу страните, ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Овој договор е изработен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 2 (два) за носителот на набавката а 4 (четири) на договорниот орган.

Изработил: Пламенка Македонска
Согласен: полк.Бојанчо Апостоловски

| НОСИТЕЛ НА НАБАВКА | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
|---|---|
| **Друштво за производство, консалтинг, инженеринг и услуги АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА** |
| управител | по овластување на министерот |
| Венко Багашовски | раководител на Сектор за логистика |
| | Бранкица Гацова |

Прилог бр. 1

**Спецификација-Корегиран ценовник согласно постигнатите цени на електронската аукција за поправка на Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 SiaAdrona**

| Ред. бр. од постапка | Назив на резервни делови со услуга | Ед. мерка | Количина | цена на норма час (во денари без ДДВ) | број на норма часови | цена за работна рака (5x6) (во денари без ДДВ) | цена на резервен дел (во денари без ДДВ) | Вкупна цена за извршување на услуга со вклучен резервен дел (7 +8) x 4 (во денари без ДДВ) | ДДВ во % | Вкупна цена за извршување на услуга со вклучен резервен дел (7 +8) x 4 (во денари со ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Дел II | **Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA** | | | | | | | | | |
| 1 | Механички седимент филтер 10", Puerpro Usa | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 3.413,93 | 4.499,07 | 18 | 5.308,90 |
| 2 | Механички седимент филтер 20", 20um Puerpro Usa | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 7.396,84 | 8.481,98 | 18 | 10.008,73 |
| 3 | Механички седимент филтер 20", 5um Puerpro Usa | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 9.201,34 | 10.286,48 | 18 | 12.138,05 |
| 4 | Филтер со активен јаглен 20" Pure pro Usa | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 10.038,57 | 11.123,71 | 18 | 13.125,97 |
| 5 | Јонска смола lewatit NM91 25л, Lanxess Germany | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 33.732,83 | 34.817,97 | 18 | 41.085,20 |
| 6 | ПО мембрана 4040 со куќиште, Vontron membranes China | парче | 1 | 1.085,14 | 1 | 1.085,14 | 67.465,66 | 68.550,80 | 18 | 80.889,94 |
| **ВКУПНО денари без ДДВ** | | | | | | | | | | 137.760,00 |
| **Износ на ДДВ** | | | | | | | | | | 24.797,00 |
| **ВКУПНО денари со ДДВ** | | | | | | | | | | 162.557,00 |

Изработил: Пламенка Македонска

Согласен: полкБојанчо Апостолов

НОСИТЕЛ НА НАБАВКА
Друштво за производство, консалтинг, инженеринг и услуги
АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
управител
Венко Багашовски

ДОГОВОРЕН ОРГАН
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
по овластување на министерот
раководител на Сектор за логистика
Бранкица Гацова

II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ Прилог бр. 1

## СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ПОПРАВКА НА БИОХЕМИСКИ АНАЛИЗАТОР BECMAN COUNTER AU 480 И СИСТЕМ ЗА РЕВЕРЗНА ОСМОЗА CRYSTAL E50 SIA ADRONA

Набавката е делива на 2 дела.

| Дел | Назив на средството за поправка | Ед. мерка | Количина | Вкупно денари без ДДВ | Вкупно денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| I | **Биохемиски анализатор BECMAN COUNTER AU 480** | | | 101.695,00 | 120.000,00 |
| | Биохемиски анализатор Becman Counter AU 480, производител Becman Counter | парче | 1 | | |
| II | **Систем за реверзна осмоза CRYSTAL E50 SIA ADRONA** | | | 169.491,00 | 190.000,00 |
| | Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA, Latvia, производител Sia ADRONA Латвиа | парче | 1 | | |

Спецификација на резервни делови со услуга за поправка:

| Дел I | Биохемиски анализатор Becman Counter AU 480 | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Назив на резервен дел и услуга | Единечна мерка | Количина |
| 1 | 541BPMC3A PMC 3 axis PCB, со замена | парче | 1 |
| 2 | Photo reflector, со замена | парче | 1 |
| 3 | Photo sensor, со замена | парче | 1 |

| Дел II | Систем за реверсна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Назив на резервен дел и услуга | Единечна мерка | Количина |
| 1 | Седимент филтер 10“, со замена | парче | 1 |
| 2 | Седимент филтер 20“, 20um, со замена | парче | 1 |
| 3 | Седимент филтер 20“, 5um, со замена | парче | 1 |
| 4 | Филтер со активен јаглен 20“ со замена | парче | 1 |
| 5 | Модул за дејонизирање 25л, со замена | парче | 1 |
| 6 | РО мембрана со куќиште, со замена | парче | 1 |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 18/3-178/7/2018 објавен од страна на Министерство за одбрана на Република Македонија за доделување на договор за јавна набавка за Поправка на Биохемиски анализатор Becman Counter AU 480 и Систем за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција, преку Електронскиот систем за јавни набавки набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

**Дел I – Општ дел (Информации за понудувачот)**

I.1.Име на понудувачот: Друштво за производство, консалтинг, инженеринг и услуги АКВА ЕКО КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. Вера Јоциќ бр.10-1/3 Скопје
- Телефон: 071327255
- Факс: 022771955
- Е-пошта: venko@aek-aqua.mk ili akvaeko@hotmail.com
- Лице за контакт: Венко Багашовски

I.3.Одговорно лице (управител): Венко Багашовски

I.4. Даночен број: 4058009503458 ЕМБС: 6544371

I.5. Жиро сметка: MK 240100001992986

I.6. Банка депонент: УНИ БАНКА СКОПЈЕ

Venko Bagashovski

Digitally signed by Venko Bagashovski
Date: 2018.03.20 15:38:25 +01'00'

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1 Вкупната цена на нашата понуда, изнесува:

III.1.2. За Дел 2 од набавката **199.986,40** денари стодеведесетидеветилјадидеветстотиниосумдесетишестденари (со зборови), Вкупниот износ на ДДВ изнесува **30.506,40** денари Поединечните цени се дадени во прилог во Листата на поединечни цени.

III.2. Вкупната цена на понудата, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ изнесува **169.480,00** денари, за набавка на ДЕЛ 2 од тендер бр. 18/3-178/7/2018 . Поединечните цени се дадени во прилог во Листата на поединечни цени.

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација минимум 120 дена.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 19.03.2018 г.

Одговорно лице
Венко Багашовски
(име и презиме)

___________________________

(потпис и печат)*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Venko Bagashovski

Digitally signed by Venko Bagashovski
Date: 2018.03.20 15:43:29 +01'00'

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме стоките кои се предмет на набавка со сите барања наведени во техничките спецификации од тендерската документација
II.1.2. за Дел II од набавката

| Дел II | Систем за реверсна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA, Latvia | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Назив на баран резервен дел и услуга | Единечна мерка | Количина | Назив на понуден резервен дел и услуга |
| 1 | Седимент филтер 10", со замена | парче | 1 | Механички седимент филтер 10", Purepro Usa |
| 2 | Седимент филтер 20", 20um, со замена | парче | 1 | Механички Седимент филтер 20" 20um Purepro Usa |
| 3 | Седимент филтер 20", 5um, со замена | парче | 1 | Механички седимент филтер 20", 5um, Purepro Usa |
| 4 | Филтер со активен јаглен 20" со замена | парче | 1 | Филтер со активен јаглен 20" Pure pro Usa |
| 5 | Модул за дејонизирање 25л, со замена | парче | 1 | Јонска смола lewatit NM91 25 л Lanxess Germany |
| 6 | РО мембрана со куќиште, со замена | парче | 1 | РО мембрана 4040 со куќиште, Vontron membranes China |
| | | | | |

Одговорно лице

(име и презиме)

Место и датум
Скопје 19.03.2018 г.

________________

(потпис и печат)*

Забелешки: Сите понудени делови се компатибилни и можат да се користат како замена на деловите од уредот за реверзна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA

II.2. Ги прифаќаме начинот на извршување утврден во тендерска документација

Venko Bagashovski

Digitally signed by Venko Bagashovski
Date: 2018.03.20 15:41:18 +01'00'

*Образец листа*

III. 2. Детален приказ на финансиската понуда со вкупна цена на нашата понуда

**ЛИСТА НА ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕНИ ЗА ПОПРАВКА И СЕРВИСИРАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА РЕВЕРСНА ОСМОЗА Crystal E 50 Sia ADRONA**

| | Назив на резервни делови со услуга | Ед. мерка | Количина | цена на норма час (во денари без ДДВ) | број на норма часови | цена за работна рака (5х6) (во денари без ДДВ) | цена на резервен дел (во денари без ДДВ) | Вкупна цена за извршување на услугата со вклучен резервен дел (7 +8) х 4 (во денари без ДДВ) | ДДВ во % | Вкупна цена за извршување на услугата со вклучен резервен дел (7 +8) х 4 (во денари со ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| Дел II | **Систем за реверсна осмоза Crystal E 50 Sia ADRONA** | | | | | | | | | |
| 2.1 | Седимент филтер 10", со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 4.200,00 | 5.535,00 | 18% | 6.531,30 |
| 2.2 | Седимент филтер 20", 20um, со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 9.100,00 | 10.435,00 | 18% | 12.313,30 |
| 2.3 | Седимент филтер 20", 5um, со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 11.320,00 | 12.655,00 | 18% | 14.932,90 |
| 2.4 | Филтер со активен јаглен 20" со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 12.350,00 | 13.685,00 | 18% | 16.148,30 |
| 2.5 | Модул за дејонизирање 25л, со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 41.500,00 | 42.835,00 | 18% | 50.545,30 |
| 2.6 | РО мембрана со кукиште, со замена | парче | 1 | 1.335,00 | 1 | 1.335,00 | 83.000,00 | 84.335,00 | 18% | 99.515,30 |
| **ВКУПНО денари за Дел II без ДДВ** | | | | | | | | **169.480,00** | 18% | 199.986,40 |
| **ВКУПНО денари за Дел II без ДДВ (со зборови)** | | | | | | | | стошеесетидеветилјадичетиристотиниосумдесетденари | | |
| **Износ на ДДВ** | | | | | | | | | | **30.506,40** |
| **ВКУПНО денари за Дел II со ДДВ** | | | | | | | | | | **199.986,40** |

Место и датум
Скопје 19.03.2018 г.

Одговорно лице
(име и презиме)
Венко Багашовски
(потпис и печат)*

Venko Bagashovski

Digitally signed by Venko Bagashovski
Date: 2018.03.20 15:45:31 +01'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*